*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*
Бул. Гоце Делчев бр.18  1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
***www.mrt.com.mk***

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА
# ЗА 2024 ГОДИНА

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

# ЗА РАБОТА НА ЈРП МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2024 ГОДИНА

***Скопје, Октомври 2023 година***

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2024 ГОДИНА**

Создавање програма што ќе го негува, поттикнува и развива секој облик на домашно аудиовизуелно творештво, ќе понуди квалитет, веродостојност и разновидност во своите програмски содржини со што ќе ги брани и унапредува европските вредности, основните човекови права и националните културни вредности на македонското општество, но и ќе придонесе за меѓународна афирмација на македонскиот културен идентитет е основната мисија на Јавниот сервис.

Задачата на МРТ1 е да креира програма со којашто ќе придонесува во унапредувањето на едно демократско општество, какво што секој поединец заслужува.

Водечки начела кои се однесуваат на улогата на јавниот медиумски сервис во информациското општество посочува дека за еден јавен сервис навистина да ја извршува својата улога, на прво место треба да почитува пет клучни елементи, односно треба да претставува:

а) референтна точка за целата јавност која нуди универзален пристап;

б) фактор на социјална кохезија и на интеграција на сите поединци, групи и заедници;

в) извор на непристрасни и на независни информации и коментари, и на иновативна и различна содржина која е усогласена со високите етички стандарди и стандардите за квалитет;

г) форум за плуралистичка јавна дискусија и средство за промовирање поголемо демократско учество на поединците;

д) сервис кој активно придонесува за аудиовизуелното творештво и за производството, како и за поголемото вреднување и ширење на разновидноста на националното и на европското културно наследство.“

Модерен јавен сервис кој ќе одговори на националите, но и на европските потреби е визијата за МРТ.

Следејќи ги современите текови, Македонската телевизија ќе направи квалитативен визуелен исчекор во аудиовизуелното обликување на сите програмски содржини

користејќи ги најнапредните дигитални алатки, софтвери за изработка на виртуелна реалност (VR) како и виртуелни авторски сцени во реална сценографија или проширена реалност (AR).

Од друга страна, следејќи ги промените во општеството и промените во образовниот систем, а од друга страна  потребата на човекот да учествува во општествените збиднувања, со амбиција да се изгради критериум за вистинските вредности, понудениот концепт ги опфаќа следниве компоненти:

- ИНФОРМАЦИЈА
- ЕДУКАЦИЈА
- ЗАБАВА

ЈРП Македонската Радио Телевизија како јавен радиодифузен сервис во РСМ,  и во 2024 година ќе ја извршува својата дејност што опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми на сите програмски сервиси согласно законските обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Програмата на Македонската Радио Телевизија се емитува преку своите редовни телевизиски програмски сервиси: Прв програмски сервис – МТВ1, Втор програмски сервис – МТВ 2, Спортско - забавен канал – МРТ 3, Канал на другите етнички заедници и документарна програма – МРТ 4, Детски канал – МРТ 5, два посебни телевизиски сателитски сервиси, Собраниски канал  како и три редовни радио програмски сервиси и еден посебен радио сателитски сервис на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.

Македонската Радио Телевизија, како активна членка на Европската радиодифузна унија,  во 2024 година ќе соработува со останатите европски јавни радиодифузни сервиси и во иднина самостојно ќе продуцира и ќе реализира копродукции со европски партнери, со цел исполнување на основата цел, создавање и емитување програма на радиото и на телевизијата од сите категории и жанрови (информативна, играна, документарна) програма.

Исто така, во 2024 година на програмските сервиси дневно ќе се емитува изворна македонска програма во износ од 50% од вкупната дневна реализирана програма.  .

Македонската Радио Телевизија во 2024 година, како и досега, во делот на Информативната програма секојдневно ќе подготвува вести и дневници преку кои навремено и објективно ќе ги информира граѓаните за актуелните општествено-

политички случувања. Информативната програма ќе подготвува емисии со интервјуа и дебати со општествено-политичките чинители преку кои граѓаните ќе имаат можност да се запознаат со моменталното функционирање на државата и плановите за иден развој. Информативната програма ќе подготвува директни преноси од најважните празници поврзани со државноста, како и со стратешките државни институции. Следната година МРТ активно ќе ја продолжи соработката со сервисите Гласот на Америка и Дојче Веле како и со Институтот за комуникациски студии и Македонскиот институт за медиуми.

Значајно е да се спомене дека Македонската Радио Телевизија во 2024 година ќе одбележи важен јубилеј: 80 години- Македонско Радио и 60 години Македонска Телевизија. Во тој контекст, традиционално ќе ги пренесува и продуцира фестивалите: Цветници, Скопски фестивал, Макфест 2024, Валандово 2024, Охрид фест 2024 и други културни и музички манифестации кои се од јавен интерес.

Македонската Радио Телевизија ќе има и богата спортска програма, од која најатрактивните содржини ќе бидат емитувани на МТВ-1, а дел на МРТ-3. Во овој контекст, значајно е да се спомене дека 2024-та ќе помине во знакот на Олимписките игри во Париз и Европските првенства во ракомет и во фудбал.

Од играната програма во 2024 година предвидено е емитување на повеќе играни, сериски филмови и ТВ новели од познати светски продукции, како Сони, Парамоунт, Виаком, Ворнер Брос, Старз и многу други. Освен светски продукции значаен простор ќе се обезбеди и за домашната продукција. Во програмската шема предвидени се значајни домашни филмски остварувања.

МРТ, согласно својата програмска поставеност по програмски сервиси и нивната поделеност по програмски жанрови, во 2024 година ќе стави акцент на зголемување на производството на сопствена програма, посебно во делот на образовната, детската и културната програма, како и секојдневното продуцирање на содржини од информативен карактер. Темите што ќе ги опфаќаат домашната играна и документарна програма во 2024 година ќе бидат од македонската историја, традиција, фолклор, архитектура, културното наследство, економијата и социјалниот живот. Македонската Радио Телевизија е единствен јавен радиодифузен сервис во Европа што произведува и емитува програма на 7 јазици (македонски, албански, турски, српски, влашки, босански, ромски) со што е уникатен

пример за зачувување и афирмација на културните и етничките различности во македонското општество.

Македонската Радио Телевизија активно ќе ги поддржува сите кампањи, фестивали, културни и спортски манифестации коишто се од национално значење значење.

Во 2024 година, МРТ активно ќе ја продолжи соработката со сите културни институции: Национална опера и балет, Македонска филхармонија, Македонски народен театар, Драмски театар, Охридско лето, Струшки вечери на поезијата, Театар Комедија, Фестивал на Античка драма Стоби, Скопски џез фестивал, Скопско лето, Фестивал Браќа Манаки и ќе ги следи, документира и емитува нивните активности.

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

**Одговорен уредник: Анета Андонова**

**ПРОГРАМА ЗА РАБОТА ЗА 2024 ГОДИНА НА ПРВ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**

| **НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА** | **ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДРЖИНИТЕ** | **ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ** | **ВИД НА ПРОДУКЦИЈА** |
|---|---|---|---|
| **ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **ВЕСТИ И ДНЕВНИЦИ** | Емитување секој работен ден од 7.00, 8.00, 9.00, 10.00, 13.00, 17.00, | Студио | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 19.30 и 22.30 часот | | |
| **И ШТО СЕГА? / ОБЈЕКТИВ** | Информативна емисија (емитување во работни денови во вечерен термин) | Студио | Сопствено производство |
| **ДИПЛОМАТИЈА И БИЗНИС** | Информативна емисија (емитување во работни денови во вечерен термин) | Екстериер | Копродукција |
| **АГЕНДА 35** | Емисија за внатрешната и надворешната политика | Студио+екстериер | Копродукција |
| **РЕДАКЦИЈА** | Истражувачки стории за теми од јавен интерес | Студио+екстериер | Копродукција |
| **360 СТЕПЕНИ** | Информативна емисија | Студио+екстериер | Копродукција |
| **ЈАВЕН ТВ И РАДИО СЕРВИС КАКО ГАРАНТ НА ДЕМОКРАТИЈАТА И СОЦИЈАЛНАТА КОХЕЗИЈА** | Информативна емисија | Екстериер | Копродукција |
| **САМО ПРАШАЈ** | Информативна емисија | Студио+екстериер | Институт за комуникациски студии |
| **ОТВОРЕНИ СТУДИЈА** | Информативни | Студио+екстериер | Сопствено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **И СПЕЦИЈАИЗИРАНИ ЕМИСИИ** | емисии | | производство |
| **ПРЕТСЕДАТЕЛСКИ ИЗБОРИ 2024** | Информативни емисии | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ 2024** | Информативни емисии | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ ОД ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ И ОД ОДБЕЛЕЖУВАЊА НА ДЕНОВИ („Илинден, 11 Октомври, 8 септември, Ден на Армијата, Ден на Полицијата“),Свечени академии.** | Информативни емисии | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **РЕДАКЦИЈА НА АКТУЕЛНОСТИ (ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА)** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **УТРИНСКА ПРОГРАМА** | (емитување секој работен ден + сабота од 6.45 до 10.45 часот) | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **ПРОГРАМА НА ГРАДОВИ-** | Информативна емисија (емитување секој работен ден | Студио+екстериер | Сопствено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **„ВО ЖИВО“** | во попладневен термин) | | производство |
| **ВАШ ЈАВЕН СЕРВИС** | Информативна емисија | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **АГРАР** | Информативна емисија | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **ТВ ТАКСИ 28** | Информативна емисија | Репортажа | Отстапени права |
| **УРБАН ЛИК** | Информативно едукативна емисија | Репортажа | Сопствено производство |
| **СПОРТСКА ПРОГРАМА** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **СПОРТСКИ ВЕСТИ ВО ТВ-ДНЕВНИЦИТЕ** | Секојдневно емитување | Студио | Сопствено производство |
| **ОТВОРЕНИ СТУДИЈА + СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЕМИСИИ** | Надополнување на одредени спортски содржини | Студио + прилози | Сопствено производство |
| **ЛЕТНИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2024 ВО ПАРИЗ** | Во период на одржување на настанот | | Откупена програма |
| **УЕФА ЕУРО 2024 – ЕВРОПСКО** | Во период на одржување на | | Откупена програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ** | настанот | | |
| **УЕФА ЛИГА НА ШАМПИОНИТЕ ВО ФУДБАЛ 2023/2024** | Во период на одржување, по еден натпревар од коло | | Откупена програма |
| **ЕХФ ЕУРО 2024 – ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО РАКОМЕТ МАЖИ** | Во период на одржување на настанот | | Откупена програма |
| **ИБУ СВЕТСКИ КУП ВО БИАТЛОН 2023/2024** | Во тек на сезоната | | Откупена програма |
| ***** ЕХФ ЛИГА НА ШАМПИОНИТЕ ВО РАКОМЕТ 2023/2024** | Во период на одржување на настанот, мечеви на македонски првак | Репортажно возило | Откупена програма +сопствена продукција |
| ******* ЕХФ ЕВРОПСКА ЛИГА ВО РАКОМЕТ 2023/2024** | Во период на одржување на настанот, мечеви на македонски претставник | Репортажно возило (делумно) | Откупена програма +сопствена продукција |
| ******* ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ 2023/2024 И 2024/2025** | Во тек на сезоната, по два натпревара од коло | Репортажно возило | Откупена програма +сопствено производство |
| ******* ИСУ СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2024** | Во период на одржување на настанот | | Откупена програма |
| ****** ИСУ ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ** | Во период на одржување на настанот | | Откупена програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **2024** | | | |
| ****** ИСУ ГРАНД ПРИ НАТПРЕВАРИ ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2023/2024** | Во период на одржување | | Откупена програма |
| ******* АБА 2 ЛИГА ВО КОШАРКА 2023/2024** | Во период на одржување, мечеви на македонските претставници | | Откупена програма |
| **ДОМАШНИ СПОРТСКИ МАНИФЕСТАЦИИ 2024: ТЕНИСКИ ТУРНИРИ, „ОХРИДСКИ ПЛИВАЧКИ МАРАТОН“, „СКОПСКИ АТЛЕТСКИ МАРАТОН“** | Во термини на одржување на настаните | Репортажно возило | Сопствено производство |
| ******* ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО КОШАРКА 23/24, 24/25** | Во тек на сезоната, по еден натпревар од коло | Репортажно возило | Сопствено производство |
| ******* ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО РАКОМЕТ 23/24, 24/25** | Во тек на сезоната, по еден натпревар од коло | Репортажно возило | Сопствено производство |
| ******* ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО ОДБОЈКА 23/24, 24/25** | Во тек на сезоната, по еден натпревар од коло | Репортажно возило | Сопствено производство |
| ******* НАСТАПИ НА МАКЕДОНСКИ** | Во термини на одржување на | Репортажно возило | Сопствено производство + |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **РЕПРЕЗЕНТАЦИИ ВО КВАЛИФИКАЦИИ ЗА МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРУВАЊА** | настаните | | откупена програма |
| ****** РАКОМЕТ, СЕХА ЛИГА 23/24, 24/25** | Во тек на сезоната, | Репортажно возило (делумно) | Откупена програма + сопствено производство |

| ИГРАНО-ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА | | | |
|---|---|---|---|
| **Наслов на содржините** | | | |
| **ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ РЕПОРТАЖИ И ЕМИСИИ**<br>1. **„Манастирите во Македонија“**<br>2. **„Убавите села“**<br>3. **„Алтернативен туризам“**<br>4. **„Филмски приказни“**<br>5. **„Портрети“** | Документарни емисии – домашна продукција<br><br>(Емитување еднаш неделно) | Терен/Екстериер | Сопствено производство |
| **ПРИКАЗНА** | Документарна програма | Студио | Откупена програма |
| **РАДИУС** | Документарна серија | Екстериер | Откупена програма |
| **ТУРЛИТАВА** | Документарна серија | Екстериер | Откупена програма |
| **ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ** | Документарни емисии (емитување еднаш неделно) | Екстериер | Копродукција |
| **ДОМАШНА ИГРАНА ПРОГРАМА „Преспав“** | Играна серија | Студио/екстериер | Копродукција |
| **ДОМАШНА ИГРАНА ПРОГРАМА „Куќен притвор“** | Играна серија | Студио | Копродукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ДОМАШНА ФИЛМСКА ПРОГРАМА** | Домашни играни филмови | Екстериер | Откупена програма |
| **ОБРАБОТЕНА СТРАНСКА ПРОГРАМА** | Филмови, серии, документарни филмови и серии и анимирана програма. | | Сони, МГМ, Ворнер Брос,Старс |
| **ОБРАБОТЕНА ЕВРОПСКА ПРОГРАМА** | - „ Шоуто на Елон Маск“<br>- „Најтајните хотели во светот“<br>- „Светот и војната“<br>- „Кујната на Најџела“ | | ЕБУ ПРОДУКЦИЈА |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ** | 1.ФЕСТИВАЛ НА ФИЛМСКА КАМЕРА “БРАЌА МАНАКИ”<br>2.“СТРУШКИ ВЕЧЕРИ НА ПОЕЗИЈАТА“ | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ДИРЕКТНИ ПРЕНОСИ ОД ЦРКОВНИ НАСТАНИ** | 1. ЛИТУРГИИ<br>2. МИСИ | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **СНИМАЊЕ НА ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ** | Тетарски претстави од МНТ, Драмски театар, Театар Комедија, Театар Ј:Х:Џинот- Велес | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **СНИМАЊЕ** | МНТ, Драмски театар, | Екстериер | Сопствено |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **РЕПОРТАЖИ И ДОКУМЕНТАРНИ ФИЛМОВИ ПОВРЗАНИ СО ТЕАТАРОТ** | Театар Комедија, Театар Ј.Х.Џинот-Велес | | производство |
| **ОСКАРИ** | Директен пренос од доделувањето на престижната филмска награда | | Откупени права |
| **ВО КАДАР – Емисија за филмската уметност** | Еднаш неделно со актуелни теми и настани | Студио/екстериер | Сопствено производство |

| **ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | | | |
|---|---|---|---|
| **Наслов на содржините** | | | |
| **SBOH** | Училишна програма | Студио | Сопствено производство |
| **АНИМИРАНИ СЕРИИ**<br>- **Штрумфови**<br>- **Коцки со броеви**<br>- **Дампер и Скупи**<br>- **Кукули**<br>- **Гилигилис**<br>- **Египопс**<br>- **Брико** | Обработка на странски анимирани серии за деца | Надсинхронизација(Тонско студио-Радио Монтажа-МТВ) | Откупена програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **КВИСКО – Детски квиз** | Училишна програма | Студио | Откупена програма |
| **ДАЈТЕ МУЗИКА** | Серија за деца | Студио | Копродукција |
| **ТИН КАМП** | Детско шоу | Екстериер | Откупена програма |
| **5+ФАМИЛИЈА** | Серија за деца | Студио | Копродукција |
| **ДЕТСКА ИГРАНА СЕРИЈА** | Играна програма | Екстериер | Копродукција |
| **АЈДЕ ДА ЕКСПЕРИМЕНТИРАМЕ** | Децата учат за одредени феномени во природата и во опкружувањето правејќи едноставни експерименти | Студио+Екстериер | Сопствено производство |
| **МЛАДИ ИНОВАТОРИ („Кефаломанија“)** | Емисии за афирмирање на 20 млади иноватори и претставување на нивните изуми. | Екстериер | Сопствено Производство |
| **МИСЛАМ ЗНАЧИ ПОСТОЈАМ** | Серија за млади во која младите ги изнесуваат размислувањата и ставовите за теми што ги засегаат | Екстериер | Сопствено Производство |
| **МЕДИАТЕКА** | Серија за медиумска писменост | Студио | Сопствено производство |
| **МЕДИУМСКА** | Едукативна серија | Екстериер | Копродукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПИСМЕНОСТ** | | | |
| **7 МИНУТИ ЗДРАВЈЕ** | Едукативна серија | Анимации | Откупена програма |
| **ЗНАЕТЕ ЛИ?** | Едукативна серија | Анимации | Откупена програма |
| **ОКОЛУ СВЕТОТ** | Едукативна серија | Анимации | Откупена програма |
| **НАУЧЕН СПЕКТАР** | Емисијата обработува теми од вискокото образование | Екстериер | Сопствено Производство |
| **ТЕХНОЛОШКИ ЦЕНТАР** | Емисија за современите техничко-технолошки текови | Екстериер | Откупена програма |
| **ОПШТООБРАЗОВНИ ЕМИСИИ** | Емисиите обработуваат теми од општо образование (емитување два пати месечно) | Екстериер | Сопствено Производство |
| **ЗА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК** | Емисија за правописот и граматиката во македонскиот јазик | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **ПЕТТИОТ АНГЕЛ** | Специјализирана емисија за лица со пречки во развојот (емитување два пати месечно) | Екстериер | Сопствено производство |
| **СВЕТОТ НА ТИШИНАТА** | Специјализирана емисија за лица со оштетен слух. (емитување два | Терен/Екстериер | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | пати месечно) | | |
| **ТРЕТА ДОБА** | Информативна емисија за животот на пензионерите<br>2 емисии/месечно | Студио+екстериер | Сопствено производство |
| **ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛИ** | -„Златно славејче“<br>-„Поточиња“ | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ТЕАТАРСКИ ПРЕТСТАВИ ЗА ДЕЦА** | | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ЗАВРШНИ БАЛЕТСКИ КОНЦЕРТИ** | | Репортажно возило | Сопствено производство |
| | | | |
| **КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКА ПРОГРАМА** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **НАШ ПОДИУМ**<br><br>**1.„Фолк џубокс“**<br>**2.„Стисни плеј“** | Емисијата обработува теми од македонската поп-рок и фолк музика и | Студио + екстериер | Сопствено Производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3.„Едноставно заводливо“<br>4.„Плеј топ 10“<br>5.„Витраж** | естрада (емитување +реемитување секој работен ден) | | |
| **ШОУ ПРОГРАМА / СИТЕ НАШИ ПЕСНИ** | Музичко шоу | Студио | Копродукција |
| **80 ГОДИНИ МАКЕДОНСКО РАДИО – 60 ГОДИНИ МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА** | Програма со која што ќе се одбележи јубилејот – *80 години МР и 60 години МТВ* | Студио + екстериер | Сопствено Производство |
| **ТУРА КУЛТУРА** | Вести од културата | Екстериер | Сопствено производство |
| **НЕДЕЛЕН МАГАЗИН** | Контактна емисија (емитување еднаш неделно) | Студио + екстериер | Сопствено производство |
| **ПЕЈАЧИ И ПЕСНИ** | Музички портрети на истакната дејци од областа на музиката | Екстериер | Сопствено производство |
| **АНПЛАГД** | Музичка емисија – анплагд концерти на пејачи и бендови | Студио + екстериер | Сопствено производство |
| **СКОПСКИ ФЕСТИВАЛ** | Фестивал | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ЦВЕТНИЦИ** | Фестивал | Репортажно возило | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **25 ЧАС** | Емисија од областа на класичната музика | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ФОЛК ЏУБОКС** | Музичка емисија | Студио | Сопствено производство |
| **МУЗИЧКИ ФЕСТИВАЛИ, КОНЦЕРТИ, НАСТАНИ И ДРУГИ НОВИ МАНИФЕСТАЦИИ КОИ ЌЕ БИДАТ ОД ПРОГРАМСКИ ИНТЕРЕС** | | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ЈУБИЛЕИ** | Програмски содржини и манифестации поврзани со одреден јубилеј | Репортажно возило | Сопствено производство |
| **ЖИЛЕТ** | Ток - шоу | Студио | Копродукција |
| **МОИ ТОП 10** | Музичка емисија | Студио | Сопствено производтсво |
| **КАЈ НАС ДОМА** | Музичко шоу | Студио | Сопствено производство |
| **20 СЕКУНДИ / КВИЗ** | Забавен квиз | Студио | Откупена програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЗАБАВЕН МАГАЗИН** | Забавна емисија-животен стил | Студио+екстериер | Откупена програма |
| **ВИЕНСКА ФИЛХАРМОНИЈА** | Новогодишен концерт<br>Летен концерт | | Отстапени ТВ права |
| **ЕБУ ПРОГРАМА** | Концерти, забавни и друг жанр емисии | | Отстапени ТВ Права |
| **НОВОГОДИШНА ПРОГРАМА** | Забавна емисија | | Копродукција |
| **ЕВРОВИЗИЈА** | Меѓународна манифестација | | Откупена програма |
| **ЈЕСЦ Детска евровизија** | Меѓународна манифестација | | Откупена програма |

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**
**ВТОР ПРОГРАМСКИ СЕРВИС**
**Одговорен уредник: Мерита Гаши**

Предлог програмата за работа на Вториот програмски сервис на Македонската Телевизија за 2024 год , е концепирана во согласност со програмските видувања на програмските уредници на МТВ2 и според актуелните кадровски капацитети на нашата програма.

Програмските целини се во согласност со мандатот на јавниот радиодифузен сервис и Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во делот за МРТ,

| НАСЛОВ НА ЕМИСИЈА | ЕКСПЛИКАЦИЈА НА ДЕЛ ОД СОДРЖИНИТЕ | ДОПОЛНИТЕЛНИ НАПОМЕНИ | КАКОВ ВИД НА ПРОДУКЦИЈА |
|---|---|---|---|
| ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК | | | |
| I-Редакција на дневни информации на албански јазик на МТВ | | | |
| 1-ДНЕВНА РЕДАКЦИЈА | | | |
| ВЕСТИ<br><br>15 минути целогодишна динамика | Емитување секој работен ден во 12:00 | Студио | Сопствено производство |
| **ФЛЕШ ВЕСТИ**<br><br>5 минути целогодишна динамика | Се емитуваат во во 00:00 | Секој ден<br><br>365х5=1.825 минути | Сопствено производство |
| **ТВ ДНЕВНИЦИ НА АЛБАНСКИ ЈАЗИК**<br>Целогодишна динамика | Емитување во 16.00, 18.30 и 22.00 | Секој ден<br>365х(30х3)= 32.850 минути | Сопствено производство |
| **ТОП ВЕСТИ**<br><br>15 минути Целогодишна динамика | Емитување во<br><br>07Ч00 и 09Ч00 | Секој ден<br>365х(15х2)=10.950 мин | Сопствено<br><br>производство |
| **РЕС ПУБЛИКА/ САМО ПРАШАЈ** | Информативна емисија | Екстериер | Институт за<br><br>Комуникациски<br><br>Студии |
| | Емитување понеделник -петок | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **INFOBOX-(ИНФОБОКС)**<br><br>**(НОВА ЕМИСИЈА)** | 17.30 минути | Студио+ прилози<br><br>Времетраење од 45 до 60 минути<br><br>Доколку има нови вработувања и технички услови за реализација на емисијата во Информативна програма | Сопствено<br><br>производство |
| **СПЕЦИЈАЛИЗИРАНИ ЕМИСИИ** | Информативни емисии | Студио+ прилози | Сопствено<br><br>производство |
| | | | |
| **2- РЕДАКЦИЈА НА АКТУЕЛНОСТИ( ИНФОРМАТИВНА ПРОГРАМА)** | | | |
| **Наслов на содржините** | | | |
| **ZOOM-(ЗУМ)**<br><br>-60 минутна, седмична<br>**НОВ НАСЛОВ** | Дебатна политичка<br><br>Секој вторник 20:00 | Студио | Сопствено производство |
| **ИНТЕРВЈУ** | Интервју за најактуелната случувања –Емитување еднаш неделно ,времетраење 30 минути | Екстериер/ студио<br><br>(согласно согласно потребите на програмата | Сопствено производство |
| **ЕВРОПА ДЕНЕС** | Емисија на актуелни теми од надворешна | Еднаш во неделата , времетраење 30 минути | Обработена, надворешно производство ( |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | политика | | DW) |
| **ЕУ И НИЕ**<br><br>Седмична<br><br>(нов наслов- емисија) | Емисија за<br><br>Актуелни<br>теми поврзани со евроинтеграциските процеси во земјата<br><br>Емитување<br>Секоја среда во 19:30 | Студио+прилози | Сопствено<br><br>производсво |
| **„Заеднички поглед кон Европа„**<br><br>**БАЛКАН ВЈУ – БИРС**<br><br>(разговори, интервјуа, репортажи) | Емисија на актуелни<br>теми од надворешна и регионална политика | Емитување еднаш неделно -согласно програмската шема<br><br>15 емисии со времетраење до 45 минути | Откупена<br><br>програма |
| | | | |
| **3-УТРИНСКА РЕДАКЦИЈА ( УТРИНСКА И ПОПЛАДНЕВНА РЕДАКЦИЈА)** | | | |
| **Наслови** | | | |
| **РИТАМ НА ДЕНОТ**<br><br>Целогодишна динамика<br>120 минути | Информативно рекреативна емисија на актуелни дневни настани со учество и на гости | 5 дена во неделата (08ч)понеделник-петок<br>Времетраење 120 минути | Сопствено<br><br>производство |
| **МОЈА ОПШТИНА**<br><br>30 минутна емисија седмична | Со дописните центри – репортажи од општините кај што МТВ2 има дописничка екипа (новинар и сниматeл) | Теренска+ прилози<br>30 x 30=900 мин | Сопствено<br><br>производство |
| | | | |
| | | | |

| 4 -**РЕДАКЦИЈА ЗА СТОПАНСТВО, ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МЕНАЏМЕНТ** | | | |
|---|---|---|---|
| **БИЗНИС ПЛУС** | Емисија за економија и стопанство<br><br>45 мин –седмична | Секој четврток 20:00<br><br>35 x 45 = 1440 мин | Сопствено производство |
| **БЕРЗА**<br>**Нов наслов** | Емисија за банкарство | Доколку се исполнат сите услови , и доколку има нови вработувања | Сопствено производсво |
| **АГРАР**<br><br>НОВА<br>- 30 минути, седмична, | Емисија од социјалеза земјоделие<br><br>Доколку има нови вработувања во информативна програма | Студио+ прилози | Сопствено производство |
| **5-СПОРТСКА РЕДАКЦИЈА** | | | |
| **СПОРТСКИ ВЕСТИ ВО ТВ ДНЕВНИЦИТЕ** | Секојдневно емитување после централните Дневници 2 и 3 | студио | Сопствено производство |
| **СПОРТСКИ ПОНЕДЕЛНИК** | Емисијата е преглед на најинтересните спортски настани кај нас и во светот, | Студио+прилози<br><br>Секој понеделник 21ч<br>-60 минутна | Сопствено производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **СТУДИО СПОРТ**<br><br>**Отворени студија-коментирање директни преноси на домашни и светски спортски натпревари.**<br><br>**-ЛИГА НА ШАМПИОНИ**<br>**-ЕВРОПСКИ ФУДБАЛСКИ ШАМПИОНАТ,**<br>**-ЕУРО 2024,**<br>**-КУАЛИФИКАЦИИ НА ДОМАШНИОТ ФУДБАЛ ВО ЕВРОПА И СВЕТОТ,**<br>**-ЛЕТНИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ , 2024,**<br>**-ЕВРОПСКИ ШАМПИОНАТ ВО РАКОМЕТ, ГЕРМАНИЈА 2024 и други спортски настани за кои Втор Сервис има програмски интерес** | Според потпишани договори за права на пренесување на првенства во фудбал, атлетика, ракомет одбојка, итн.<br>Пред директните преноси на најважните шампионати на фудбал за кој мислиме дека имаме програмски интерес да ги емитуваме и на МТВ 2 | Студио+прилози<br><br>Надополнување со одредени спортски сржини | Сопствено производство<br>+<br>Откупена програма |
| **СПОРТСКИ РЕПОРТАЖИ-**<br><br>**СПОРТСКИ ПОРТРЕТИ** | Емисии посветени на угледни спортисти-клубови<br><br>Домашни спортски клубови , и за меѓународни спортски личности | ТЕРЕН+МГС ТОН+ МОНТАЖА<br>Емитување еднаш неделно со времетраење од 30 минути | Сопствено<br><br>производство |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **II-НАУЧНО-ОБРАЗОВНА ПРОГРАМА** | | | |
| **1- РЕДАКЦИЈА ЗА ДЕЦА** | | | |
| **ДА СЕ ЗАПОЗНАЕМЕ СО СПОРТОТ -30 минутна , седмична (НОВА)** | Едукативно детска, колку децата му посветуваат внимание на спортот<br><br>Емитување енаш во неделата | Теренска | Сопствено производство |
| **СВЕТОТ НА БАЈКИТЕ (НОВА)** | Детска Драма<br><br>Емитување еднаш во неделата | Студио+ монтажа | Сопствено<br><br>производство |
| **СЕРИЈАЛ „4„** | Едукативна -детска серија -16 епизоди<br><br>Времетраење 25-30 минути<br><br>Емитување еднаш во неделата | Екстериер | Откупена<br><br>програма |
| **АВАНТУРИТЕ НА ПИРАТИТЕ** | Едукативно детска серија<br><br>35 епизоди по 25 мин | Емитување еднаш во неделата | Копродукција |
| | | | |
| **ДЕТСКИ ПРИКАЗНИ** | Едукативни детски серии<br><br>„ Кукличкиˌˌ- Прва сезона<br><br>„Кршливи јајца„ | Надсинхронизирани<br><br>Превод на албански+ монтажа | Обработена<br><br>Надворешна програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **НОВОГОДИШНИ ЕМИСИИ ЗА ДЕЦА** | ДЕТСКО ШОУ<br><br>Забавна детска емисија | Студио+ екстериер+ монтажа<br><br>3 емисии x 60 минути= 180 минути | Сопствена<br><br>продукција |
| **ШТРУМФОВИ (НОВ СЕРИЈАЛ)** | Детска серија | Емитување согласно потпишаниот договор,<br><br>со превод на албански јазик | Откупена<br><br>програма |
| **ДЕТСКИ СЕРИИ-АНИМИРАНИ** | Обработка на странски анимирани серии за деца | Надсинхронизација | Откупена<br><br>програма |
| **ДЕТСКИ ФЕСТИВАЛИ** | „Пчелички„<br><br>„Славејчињата на Кораб„<br><br>„Златна рипка„<br><br>„Виножито„<br><br>„Наш ден„<br><br>„ Пеперутки„ | Репортажно возило | Сопствено<br><br>производство |
| | | | |
| | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **II- РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА** | | | |
| **ПРО ВИТА** | Емисија за здравството | 60 минути, седмична, 32 емисии 60x32=1.920 мин | Сопствена<br><br>Продукција |
| **МОТИВ** | Неделна емисија посветена на младите | Седмична, 32 емисии<br><br>45x32=1.440 мин | Сопствена<br><br>Продукција |
| **СВЕТОТ НА ТЕХНОЛОГИЈАТА** | Научна- образовна емисија, посветена на светот на технологијата | Екстериер, преведена на албански јазик | Откупена Програма |
| **7 МИНУТИ ЗДРАВЈЕ** | Едукативна серија | Анимации, преведена на албански јазик | Откупена програма |
| **ЗНАЕТЕ ЛИ?** | Едукативна серија | Анимации | Откупена програма |
| **ВЕРСКИ ЕМИСИИ** | 30 редовни емисии посветени за Светиот месец Рамазан | | Сопствена<br><br>продукција |
| **СВЕДОШТВА НА ПРОРОКОТ** | Верска едукативна емисија<br><br>Емитување, еднаш во Неделата | Екстериер+ монтажа | Сопствена<br><br>продукција |
| **III –КУЛТУРНО-ЗАБАВНА ПРОГРАМА** | | | |
| **1-РЕДАКЦИЈА ЗА КУЛТУРА И УМЕТНОСТ** | | | |
| **2- МУЗИЧКА РЕДАКЦИЈА** | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **МУЗИКА И ФОЛКЛОР** | Музичка емисија<br><br>Емитување еднаш во неделата | Студио | Сопствена<br><br>продукција |
| **ГУРМАНИЈА**<br><br>**( ГАСТРОНОМИЈА)** | Рекреативна и културна емисија - за готвење, кулинарство од различни култури | 100 емисии со времетраење од 5 до 30 минути | Откупена<br><br>програма |
| **ГЛАМУР** | Емисија од Културата<br><br>Емитување<br>Еднаш во неделата со времетраење 45 минути | Студио | Сопствена<br><br>продукција |
| **ЗАБАВНА МУЗИКА** | Музичка емисија<br><br>Емитување еднаш во неделата | 15 емисии х 30 минути = 450 минути | Сопствена<br><br>продукција |
| **ЏЕЗ НА ЕКРАНОТ** | Неделна емисија за џез музиката<br><br>120 мин. | | Сопствена<br><br>продукција |
| **КЛАСИЧНИ ЗВУЦИ**<br><br>**Нов наслов-емисија** | Музичка емисија- 30 минутна Презентација на домашни и странски класици<br><br>Емитување, еднаш во неделата | Студио | Сопствена<br><br>продукција |
| **НОВОГОДИШНА ЕМИСИЈА** | Музички Шоу<br><br>300 минути новогодишна програма | Студио+монтажа | Сопствена<br><br>продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **БИГ ШОУ<br>НОВ НАСЛОВ-емисија** | Музички Спектакл-Музичко шоу<br><br>Доколку се исполнат бараните услови, и доколку има нови вработувања во музичка редакција | Студио+ монтажа | Сопствена<br><br>продукција |
| **ЈУБИЛЕИ** | Програмски содржини и манифестации поврзани со одреден јубилеј | Репортажно Возило | Сопствена<br><br>Продукција |
| **ВИЕНСКА ФИЛХАРМОНИЈА** | Новогодишен концерт | | Откупени<br><br>права |
| **ФЕСТИВАЛИ И КОНЦЕРТИ** | Заеднички со Прв програмски сервис во интерес на програмата и поединечни кога се од интерес за посебна таргет група на гледачи | | Фестивалите кои Втор програмски сервис, ги смета за значајни за албанската публика, се на крајот на табелата |
| **ЕВРОВИЗИЈА** | Меѓународна манифестација | | Откупена<br><br>програма |
| **3-КОНТАКТНО РЕКРЕАТИВНА РЕДАКЦИЈА** | | | |
| **(STAGE)- СТЕЈЏ**<br><br>60 мин седмична | Забавно шоу<br><br>Емитување еднаш неделно<br>40x60=2.400 мин | Студио | Сопствена<br><br>продукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **БИОГРАФИЈА** | Биографска скица на познати личности од естрадата но и пошироко со посета во нивниот дом, работен амбиент и сл.<br><br>Емитување 2 пати месечно | Екстериер-терен | Сопствена<br><br>продукција |
| **ВИП ТОП 5** | Топ листа на песни по избор на ВИП гостинот на емисијата емитување еднаш неделно, времетраење од 30 минути | Студио | Сопствена<br><br>продукција |
| **ТОП ЛИСТА НА НАРОДНИ ПЕСНИ** | Седмични, а на годишно ниво 45 емисии по 30 минути | | Сопствена<br><br>продукција |
| **ТОП ЛИСТА НА ЗАБАВНИ ПЕСНИ** | Седмични а на годишно ниво 45 емисии по 30 минути | | Сопствена<br><br>продукција |
| **ТРЕНД**<br><br>**СТАРО НО УБАВО**<br><br>Нови забавни програми | Доколку се исполнат условите со нови вработувања во контактно рекреативна редакција | СТУДИО+ ЕРКСТЕРИЕР | Сопствена<br><br>продукција |
| | | | |

| |
|---|
| **IV-ИГРАНО ДОКУМЕНТАРНА ПРОГРАМА** |
| **1-ДОКУМЕНТАРНА РЕДАКЦИЈА** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **„ЛИСТА„**<br><br>Циклус на документарни емисии | Поширок спектар на документарни теми портрети, патеписи,луге и судбини и др | 15 Документарни Емисии, со времетраење до 45 минути | Откупена Програма |
| **ТВ РЕПОРТАЖА** | Патописни репортажни емисии , со времетраење 30 минути<br>Емитување еднаш неделно | Теренска | Сопствено<br><br>производство |
| | | | |
| 2-**РЕДАКЦИЈА ЗА ДРАМА И ФИЛМ** | | | |
| **ТЕАТАР НА ЕКРАНОТ** | Со договор со Албански народен Театар,<br>Албански театар-Куманово<br>Албански театар-Тетово<br>Албански театар-Гостивар<br>Детскиот албански театар- Скопје<br><br>10 на годишно ниво | Репортажна Кола | (театарски претстави) |
| **ВИДЕО ВИТРИНА** | Емисија за најновите техники во филмската индустрија и употребата на истите во современите филмови | Еднаш неделно,<br><br>Времетраење 30 мин | Сопствено<br><br>производство |
| **АЛБАНСКИ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ** | Емитување еднаш неделно | екстериер | Копродукција |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 20 епизоди по 30 минути | | |
| **„НИЕ„<br>НОВ СЕРИЈАЛ** | Хумористична емисија- посветена за женските права | Емитување еднаш неделно<br>16 епизоди – времетраење 25-30 минути | Откупена програма |
| **ВО ТУЃА КУЌА<br>(тв серијал)** | Домашна играна серија | Емитување еднаш неделно, 20 епизоди , времетраење до 30 минути | Откупена<br><br>програма |
| **ФИЛМОВИ /СЕРИИ** | Филмската продукција се купува/ емитува согласно заедничкиот програмски интерес на Првиот и Вториот програмски сервис на МТВ | | Откупена<br><br>програма<br><br>титлувана на албански јазик |
| **АЛБАНСКИ НАРОДНИ ПРИКАЗНИ** | Емитување еднаш неделно<br><br>20 епизоди по 30 минути | екстериер | Копродукција |
| **Документарни емисии од јавните сервиси од соседство РТА и РТК** | Неопходно е да се склучи нов договор за соработка | | |
| **3-РЕДАКЦИЈА ЗА ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** | | | |
| **ОБРАБОТЕНА ПРОГРАМА** | Обработената продукција се реализира од филсмката понуда, купена заедно со Прв програмски сервис | (филмови, серии, документарни филмови и анимирана програма) | Купена програма титлувана на албански јазик |
| **Список на фестивали и други содржини, за кои е потребно репортажната кола** | | | |

СНИМАЊЕ НА СПОРТСКИ НАТПРЕВАРИ

МУСЛИМАНСКА НОВА ГОДИНА- 1 годишно x 90 минути = 90 минути

РАМАЗАН БАЈРАМ 1 годишно x 120 минути = 120 минути

КУРБАН БАЈРАМ 1 годишно x 120 минути = 120 минути

ДЕНОВИ НА НАИМ ФРАШЕРИ 1 годишно x 60 минути = 60 минути

ДЕНОТ НА АЛБАНСКАТА АЗБУКАТА 1 годишно x 90 минути = 90 минути

ДЕНОТ НА АЛБАНСКОТО ЗНАМЕ 1 годишно x 90 минути = 90 минути

Други фестивали превземени без парични надоместок од независни продуценти

Шара пее ( фолклорен) 3 дена x 90 минути = 270 минути
Песно Ечи ( народен) 3 дена x 90 минути = 270 минути
Нота Фест ( забавен) 1 годишно x 120 минути = 120 минути
Тетовското лето 3 дена x 90 минути = 270 минути
Скопски камерен оркестар 1 годишно-120 мин =120 минути

И други поводни концерти и свечени академии за кои Втор програмски сервис има програмски интерес за емитување

**МАКЕДОНСКА ТЕЛЕВИЗИЈА**

**ТРЕТ ПРОГРАМСКИ СЕРВИС СПОРТСКИ КАНАЛ**

**Одговорен уредник: Драган Николовски**

По сличен принцип како и во изминатите три и пол години, спортот и спортската понуда и понатаму ќе бидат главниот темел во програмската шема на МРТ-3. Преостанатиот сегмент ќе биде надополнуван со музичко-забавни програми во сопствена продукција, како и со емитување квалитетни и атрактивни филмски содржини за коишто МРТ има обезбедено ТВ-права.

Во претстојната 2024 година ќе има два глобално значајни и мегапопуларни спортски настани (УЕФА Европско првенство во фудбал во Германија и Летни олимписки игри во Париз), како и неколку натпреварувања од особена важност за македонскиот клупски и репрезентативен спорт (ЕХФ Европско првенство во ракомет, ЕХФ Лига на шампионите во ракомет и УЕФА Лига на нациите во фудбал). Не само поради нив, спортската програма на МТВ (а со тоа и на МТВ-3) во содржинска смисла секако ќе биде шаренолика, разновидна и привлечна за публиката, поради тоа што ќе биде комбинација на најквалитетното од домашниот спорт со она што ќе биде најпривлечно и најпопуларно во меѓународни спортски рамки.

Од аспект на гледаност и на ексклузивитет, покрај УЕФА Европското првенство во фудбал 2024 и Летните олимписки игри 2024, најатрактивна содржинска понуда ќе биде завршната фаза од фудбалската УЕФА Лига на шампионите. Претстои завршувањето на последната трета сезона од пакетот ТВ-права за најдоброто од елитниот клупски фудбал, којшто истекува заклучно со тековната 2023/2024.. Ќе се емитува по еден меч во среда од секое од нокаут-фазата (осминафиналето, четвртфиналето, полуфиналето и финалето).

Почетокот на 2024 ќе биде под знакот на, за нас секогаш значајна спортска манифестација. Традиционално, јануари е месец за ракометните репрезентативни натпреварувања, а во 2024 на ред е Европското првенство што ќе се одржи во

Германија. На него ќе учествува и машкиот национален тим на Македонија, којшто ќе го продолжи континуитетот настапи на големите ракометни настани.

Со оглед дека територијата на Македонија за најзначајните меѓународни спортски настани е покриена главно од регионални или од европски спортски канали коишто ги откупуваат ТВ-правата и за овој простор, методот на сублиценцирање најчесто е единствениот можен начин МРТ да обезбеди атрактивни содржини за на својата програма. Во таа смисла, токму на таков начин како и досега ќе се продолжи со телевизиското покривање на македонскиот фудбалски шампионат и на фудбалскиот куп на Македонија, за кои се обезбедени ТВ-правата за сезоните 2023/2024 и 2024/2025. Со сублиценцирање се обезбедени ТВ-правата и за настапите на Еурофарм Пелистер како македонски претставник во групната фаза од ЕХФ Лигата на шампионите и на Алкалоид како наш претставник во групната фаза од ЕХФ Европската Лига во сезоната 2023/2024.

Во парните календарски години нема светски првенства во алпско и во нордиско скијање, но затоа понудата од зимските спортови ќе биде збогатена и со возбудувањата од Светскиот Куп и од Светското првенство во биатлон во сезоната 2023/2024.

Имајќи ги предвид и заложбите за максимално покривање на македонскиот спорт, пред се со пренесување на настаните од домашните првенства во кошарка, ракомет и во одбојка, доколку се успее во остварувањето на ваквите идеи, МРТ-3 во текот на 2024 година ќе има искучително разновидна и богата спортска програма.

| **СПОРТСКА ПРОГРАМА МТВ-3** |
| --- |
| **Наслов на содржините** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ЛЕТНИ ОЛИМПИСКИ ИГРИ 2024 ВО ПАРИЗ** | Во период на одржување, јули-авг 2024 | | Откупена програма |
| **УЕФА ЕУРО 2024 – ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ** | Во период на одржување, јуни-јули 2024 | | Откупена програма |
| **УЕФА ЛИГА НА ШАМПИОНИТЕ ВО ФУДБАЛ 2023/2024** | Во период на одржување, фев-мај 2024 | | Откупена програма |
| **ЕХФ ЕУРО 2024 – ЕВРОПСКО ПРВЕНСТВО ВО РАКОМЕТ МАЖИ** | Во период на одржување, јануари 2024 | | Откупена програма |
| **ЕХФ ЛИГА НА ШАМПИОНИТЕ ВО РАКОМЕТ 2023/2024** | Во период на одржување, фев-јуни 2024 | | Откупена програма + сопствено производство |
| **ЕХФ ЕВРОПСКА ЛИГА ВО РАКОМЕТ 2023/2024** | Во период на одржување, фев-мај 2024 | | Откупена програма + сопствено производство |
| **ДОМАШНО ПРВЕНСТВО ВО ФУДБАЛ 2023/2024 И 2024/2025** | Во период на одржување, фев-мај и авг-дек 2024 | | Откупена програма + сопствено производство |
| **АБА 2 ЛИГА ВО КОШАРКА 2023/2024** | Во период на одржување | | Откупена програма |
| ******* ИСУ СВЕТСКО ПРВЕНСТВО ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2024** | Во период на одржување на настанот, март 2024 | | Откупена програма |
| ****** ИСУ ЕВРОПСКО** | Во период на | | Откупена програма |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **ПРВЕНСТВО ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2024** | одржување на настанот, јан 2024 | | |
| ****** ИСУ ГРАНД ПРИ НАТПРЕВАРИ ВО УМЕТНИЧКО ЛИЗГАЊЕ 2023/2024** | Во период на одржување на настанот, окт-дек 2024 | | Откупена програма |
Очекуваните приходи од продажба на рекламно време (маркетинг) односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основа на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 55.000.000 денари или 3,5% од вкупните планирани приходи за 2024 година. Овие средства се планира да се реализираат од продажба на рекламен простор во рамки на емитување на нови програмски содржини и тоа особено со откуп на правата за емитување на најзначајните содржини од областа на спортот, како и филмска, детска, документарна и друга програма која МРТ планира да ја направи достапна за своите гледачи во идната 2024 година преку сопствена продукција, копродукција и преку откуп на правата за емитување на програма од надворешни продуцентски куќи.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии за пренос на програма, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2024 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,2%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,1%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- приходи од наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2024 година се планираат во износ од 20.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,3%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои со Финансискиот план се планираат по основ на решавање на настанатите судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.000.000 денари.

**Приходи од донации како и од продажба на програма и реемтување во земјата и странство**

Приходите по основ на разни видови донации за 2024 година, како и по основ на продажба на програма и реемитување во земјата и странство се планирани во вкупен износ од 15.000.000 денари и истите учествуваат со 0,9% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2024 година.

**Вкупните** планирани приходи за 2024 година во износ од 1.581.500.000 денари по сите основи ќе бидат наменети за реализација на планираните програмски, инвестициони и други активности во тековната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата, а ќе се користат и за сервисирање на пренесените, неплатени обврски од претходни години.

Планираните активности за 2024 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Откуп на права за емитување на играна програма и ТВ серии, набавка на домашна и странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии, детска програма од најразлични жанрови, откуп на готови програмски содржини од најразлични области или пак заедничка продукција и копродукција на разни видови емисии и серијали,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации, светски или европски првенства во фудбал, ракомет, зимски, летни спортови и слично,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радиопрограми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Инвестиции во нова опрема и основни средства, тековно одржување на постојната опрема и одржување на РТВ студијата и другите деловни објекти на МРТ како и отпочнување на процес за дигитализација на радиото.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2024 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

**ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2024 ГОДИНА**

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2023г. | Остварени приходи 2023г - (проценка) | Планирани приходи за 2024г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 | Структура 2024г. (кол.4) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Приход од Буџет на РСМ - МИОА, средства за финансирање на радиодифузна дејност | 1,140,500,000 | 1,140,500,000 | 1,185,000,000 | 103.9 | 103.9 | 74.9 |
| Приходи од Буџет на РСМ за постигнување на повисок степен на програмски и техничко -технолошки развој на ЈРП МРТ | 300,000,000 | 300,000,000 | 300,000,000 | 100.0 | 100.0 | 19.0 |
| Закупнини | 500,000 | 400,000 | 500,000 | 100.0 | 125.0 | 0.0 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 2,500,000 | 3,000,000 | 100.0 | 120.0 | 0.2 |
| Приходи од услуги во странство (технички и останати услуги) | 2,000,000 | 1,800,000 | 2,000,000 | 100.0 | 111.1 | 0.1 |
| Останати деловни приходи (приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања,отпишани обврски, приходи од минати години и друго) | 15,000,000 | 15,000,000 | 20,000,000 | 133.3 | 133.3 | 1.3 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 1,500,000 | 800,000 | 1,000,000 | 66.7 | 125.0 | 0.1 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 20,000,000 | 20,000,000 | 55,000,000 | 275.0 | 275.0 | 3.5 |
| Приходи од донации, продажба на програма и реемитување во земјата и странство | 5,000,000 | 5,000,000 | 15,000,000 | 300.0 | 300.0 | 0.9 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **1,487,500,000** | **1,486,000,000** | **1,581,500,000** | **106.3** | **106.4** | **100.0** |

**Б. ПЛАН НА РАСХОДИ**

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2024 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности во врска со создавање и емитување на програмата, се планираат во ист обем како и вкупните приходи, односно 1.581.500.000 денари. Најголемиот дел од овие средства се очекува да и бидат исплатени на ЈРП МРТ од страна на државата согласно измените во Законот за ААВМУ во делот на фнанисрање на радиодифузна дејност и истите, дополнети со приходите кои МРТ би ги добила по останатите основи, се распоредени во делот на планирани расходи за 2024 година според реалните потреби за редовно работење. Значајно е да се напомене дека и покрај тоа што МРТ очекува зголемен приход од Буџетот на РСМ, истиот ќе биде наменет за исполнувањето на планираните програмски и останати активности кои поради недостогот на средства веќе подолго време беа одложувани, но повторно трошењето на средствата ќе се одвива многу рационално, економично и наменски и секако во согласност со утврдениот Финансиски план, законите и позитивните законски прописи.

**Планот на расходи за 2024 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци на вработените

Кај групата трошоци на вработените во 2024 година се планираат средства во вкупен износ од 586.450.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите на вработените, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство, помош при боледување подолго од 6 месеци, паричен надомест за последици од елементарни непогоди и други видови парични надоместоци), потоа трошоците за здравствени услуги, пресметан регрес за годишен одмор, јубилејни награди, трошоци за едукација на вработените (обуки, посета на семинари, советувања) и слично. Бруто платата за 2024 година е усогласена со минималната плата во државата и е пресметана согласно

позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно Законот за работни односи, Законот за административните службеници, Законот за вработени во јавниот сектор и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за кои се планира сума во вкупен износ од 11.250.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани во земјата и странство кои се од јавен карактер како на пример сите поважни културни, музички, спортски и научни случувања и манифестации.

## Заеднички трошоци

Групата на заеднички трошоци е планирана во вкупен износ од 230.000.000 денари. Оваа група ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Во оваа група на трошоци во 2024 година ќе бидат опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и објектите во МРТ и истата има вкупен планиран износ од 2.500.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Вкупниот планиран износ во оваа група на трошоци е 1.550.000 денари и во неа спаѓаат трошоците за канцелариски и печатарски материјал, материјал за возен парк, заштитна облека и обувки и ХТЗ опрема.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и согласно остварувањата во изминатиот период како и согласно цените на пазарот во овој момент, на сите овие видови на енергија, оваа група изнесува 55.500.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци се планира на износ од 2.000.000 денари. Согласно законските измени, односно според Уредбата за номенклатура на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства, донесена од страна на Владата на Република Северна Македонија (сл.весник 277/19), оваа група ги опфаќа набавките на материјални и нематеријални средства со поединечен трошок за набавка до 500 евра во денарска противвредност според кои наместо во основни средства сметководствено треба да се евидентираат во ситен инвентар.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која е планирана во вкупен износ од 15.700.000 денари, а се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет и поштарина како и трошоци за аудио и видео линии кои се неопходни за пренос на програмата, особено при емитување на настани од областа на спортот.

***Услуги за одржување и заштита***

Оваа група ги опфаќа трошоците за агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежните објекти, одржување на GPS уреди, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и слично. Истата е планирана во вкупен износ од 24,250.000 денари.

***<u>Комунални услуги</u>***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 5.110.000 денари.

***<u>Останати услуги од работењето</u>***

Во оваа група на трошоци за 2024 година планирани се средства во вкупен износ од 1.450.000 денари, а опфатени се услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги и слично.

***<u>Трошоци за амортизација на основни средства</u>***

Планираните средства за амортизација за 2024 година изнесуваат 70.000.000 денари. Овој износ опфаќа планирана амортизација на опремата која до сега е набавена во рамки на редовните инвестициони активности и процесот на дигитализација во МТВ, како и амортизација на опремата која би се набавила и ставила во употреба во текот на 2024 година.

***<u>Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис</u>***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите, ревалоризација на обврските и слично во 2024 година планирани се вкупно 200.000 денари.

***<u>Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација</u>***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2024 година се планирани вкупно 20.700.000 денари и во неа е воведена нова ставка со назив Трошоци за организирање на настани која предвидува организација на семинари, обуки, и други активности кои ќе придонесат за промоција на ЈРП МРТ. Од големо значење е да се напомене дека идната 2024 година е јубилејна година за МРТ и од таа причина во рамки на овој вкупен износ планирано е да се организираат разни свечености и прослави токму по повод 80 годишнината од постоењето на Македонско радио и 60 годишнината од постоењето на Макеноска телевизија.

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2024 година изнесуваат 2.450.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2024 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 510.000 денари.

***Останати трошоци***

Во оваа  група спаѓаат трошоците за спроведување на ИСО стандарди, трошоците за користење на услуги за контрола на квалитет, атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоците за стручна литература и списанија, а истите се планираат во вкупен износ од 400.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврден начинот на пресметка на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2024 година е планирана во вкупен износ од 10.000.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (задржан данок и сл.), данок на приход за исплати во странство при откуп на програма како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2024 година се планираат во вкупен износ од 5.200.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци со Финансиски план за 2024 година планирани се вкупно 100.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години се планирани во висина од 2.000.000 денари и истите се однесуваат на трошоци за задоцнето фактурирање по разни основи кои биле планирани во преходните години од работење на МРТ но, во тој период, за истите не се доставени фактури (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).

***<u>Камати од работење и затезни камати</u>***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 5.500.000 денари.

***<u>Негативни курсни разлики</u>***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2024 година се планирани во вкупен износ од 4.000.000 денари.

***<u>Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1.000 евра</u>***

Оваа група на трошоци ги опфаќа набавките на стоки и услуги надвор од планот за јавни набавки а кои во вкупен износ на месечно ниво не го надминуваат износот од 1.000 евра во денарска противвредност или вкупно 880.000 денари на годишно ниво.

## Програмски права

Оваа категорија се однесува на трошоци реализирани во врска со откуп на права за емитување на играна филмска, анимирана детска и документарна програма, останати програмски права – откуп на програма од најразлични жанрови и области (образовни емисии, забавни емисии, детска програма, квизови), надомест за учество на јуниорски Евросонг, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот како Лига на шампиони во фудбал, европски првенства во ракомет, кошарка, фудбал или ЛОИ 2024 година, потоа откуп на програма од независни продуценти, трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина за повозрасните како и

продукција и копродукција на најразновидни емисии и серијали за најмладата популација. Во насока на збогатување на понудата на програма која ќе се емитува на сите Програмски сервиси во 2024 година вкупниот планиран износ на трошоци кај оваа група на изнесува 500.550.000 денари.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 85.750.000 денари а во неа спаѓаат следните видови трошоци:

***<u>Наемнини</u>***

Планираниот износ на трошоци за наем на опрема и недвижности изнесува вкупно 15.300.000 денари а опфаќа трошоци за изнајмување на опрема за реализација на разни видови програмски цели како прием, пренос и емитување на настани кои се одржуваат надвор од МРТ а за кои би се јавила потреба во рамки на тековното работење на МРТ.

***<u>Други трошоци од работење</u>***

За оваа група на трошоци во 2024 година се планирани вкупно 29.550.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, трошоци за извршување, услуги за вештачење, интелектуални услуги, технички услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на редовните работни задачи,
- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Јуниорски евросонг 2024 година, како и трошоци планирани за Евросонг 2024 година кои би произлегле доколку МРТ го пренесува фестивалот дури и ако РСМ не учествува со свој претставник.

***<u>Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги</u>***

Со Финансиски план за 2024 година оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 40.800.000 денари опфаќа годишни членарини на МРТ кон ЕБУ, ЕРНО; ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП, трошоци кон Агенција за филм согласно Законот за филмска дејност и останати трошоци од работење.

***<u>Материјали и услуги за дигитализација</u>***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2024 година планирани се средства во вкупен износ од 100.000 денари.

## Инвестиции

За набавка на опрема и други инвестиции во текот на 2024 година се планирани вкупно 167.500.000 денари. Поголемиот дел од нив односно 107.500.000 денари ќе бидат наменети за реконструкција и одржување на просториите во МРТ како и одржување на постоечката и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на тековното работење како набавка на опрема за надградба на системот за снимање, обработка и емитување на програма (Cinegy), замена на меѓустудиски интерком систем, замена на ENG опрема, набавка на камери и камерни ланци, набавка на стативи со автоматска контрола на движење во просторот, централна матрица, видео миксери, камкордери, ново репортажно возило и DSNG возило со сателитски uplink, аудио миксери во големите студија и репортажните возила, набавка на товарни комбиња за превоз на опрема во мобилна техника и слично, но секако, се во рамки на можностите и најприоритетните потреби.

Останатите средства пак во износ од 60.000.000 денари се планира да бидат наменети за дигитализација на радиото, процес кој исто така поради континуираниот недостиг на финансиски средства, подолго време беше одложуван.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2024 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ
## НА ЈРП МРТ ЗА 2024 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Планирани трошоци за 2023г. | Остварени трошоци 2023г - (проценка) | Планирани трошоци за 2024г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | |
| Бруто плати за вработени | 505,000,000 | 505,000,000 | 560,000,000 | 110.9 | 110.9 |
| Регрес за годишен одмор | 17,000,000 | 17,000,000 | 18,200,000 | 107.1 | 107.1 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,500,000 | 1,200,000 | 3,000,000 | 200.0 | 250.0 |
| Други лични примања (останати надоместоци на вработени и разни видови помош) | 2,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 1,200,000 | 1,200,000 | 2,250,000 | 187.5 | 187.5 |
| Трошоци за здравствени услуги | 650,000 | 650,000 | 650,000 | 100.0 | 100.0 |
| Трошоци за едукација | 350,000 | 300,000 | 350,000 | 100.0 | 116.7 |
| **Вкупно 1 - Трошоци за вработените** | **527,700,000** | **527,350,000** | **586,450,000** | **111.1** | **111.2** |
| **Патни и транспортни трошоци** | | | | | |
| ***2)Патни трошоци*** | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 3,400,000 | 3,200,000 | 3,400,000 | 100.0 | 106.3 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 5,000,000 | 4,500,000 | 5,000,000 | 100.0 | 111.1 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во земјата | 100,000 | 70,000 | 100,000 | 100.0 | 142.9 |
| Превоз и други патни трошоци за службени патувања во странство | 1,800,000 | 1,500,000 | 1,800,000 | 100.0 | 120.0 |
| Сопствено возило за службени потреби | 500,000 | 400,000 | 400,000 | 80.0 | 100.0 |
| Услуги за патарина, останати услуги при патувања | 200,000 | 180,000 | 250,000 | 125.0 | 138.9 |
| **Вкупно 2** | **11,000,000** | **9,850,000** | **10,950,000** | **99.5** | **111.2** |
| ***3)Транспортни услуги*** | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Услуги за такси превоз на вработени | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 3** | **300,000** | **300,000** | **300,000** | **100.0** | **100.0** |
| **Вкупно патни и транспортни услуги** | **11,300,000** | **10,150,000** | **11,250,000** | **99.6** | **110.8** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | |
| ***4)Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | |
| Електричен материјал | 700,000 | 700,000 | 1,000,000 | 142.9 | 142.9 |
| Технички материјал | 2,100,000 | 1,800,000 | 1,200,000 | 57.1 | 66.7 |
| Материјал за поправка и одржување | 300,000 | 200,000 | 300,000 | 100.0 | 150.0 |
| **Вкупно 4** | **3,100,000** | **2,700,000** | **2,500,000** | **80.6** | **92.6** |
| **ВИДОВИ ТРОШОЦИ** | **Планирани трошоци за 2023г.** | **Остварени трошоци 2023г - (проценка)** | **Планирани трошоци за 2024г.** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| ***5)Трошоци за останати материјали*** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,800,000 | 1,500,000 | 1,000,000 | 55.6 | 66.7 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 200,000 | 200,000 | 250,000 | 125.0 | 125.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 5** | **2,300,000** | **2,000,000** | **1,550,000** | **67.4** | **77.5** |
| ***6)Трошоци за енергија*** | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 60,000,000 | 55,000,000 | 36,000,000 | 60.0 | 65.5 |
| Трошоци за топлотна енергија | 18,000,000 | 18,000,000 | 16,000,000 | 88.9 | 88.9 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 3,500,000 | 3,000,000 | 3,500,000 | 100.0 | 116.7 |
| **Вкупно 6** | **81,500,000** | **76,000,000** | **55,500,000** | **68.1** | **73.0** |
| ***7)Трошоци за ситен инвентар и авто гуми*** | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 4,000,000 | 3,800,000 | 2,000,000 | 50.0 | 52.6 |
| **Вкупно 7** | **4,000,000** | **3,800,000** | **2,000,000** | **50.0** | **52.6** |
| ***8)Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | |
| Телефонски трошоци-фиксни | 600,000 | 550,000 | 600,000 | 100.0 | 109.1 |
| Телефонски трошоци-мобилни | 2,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Трошоци за интернет услуги | 800,000 | 800,000 | 800,000 | 100.0 | 100.0 |
| Поштарина | 300,000 | 280,000 | 300,000 | 100.0 | 107.1 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 12,000,000 | 12,000,000 | 12,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 8** | **15,700,000** | **15,630,000** | **15,700,000** | **100.0** | **100.4** |
| ***9)Услуги за одржување и заштита*** | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите во МРТ | 4,500,000 | 4,500,000 | 5,200,000 | 115.6 | 115.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 10,000,000 | 8,000,000 | 6,500,000 | 65.0 | 81.3 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 4,000,000 | 3,500,000 | 4,500,000 | 112.5 | 128.6 |
| Одржување на возила | 2,500,000 | 2,200,000 | 2,500,000 | 100.0 | 113.6 |
| Одржување на GPS уреди | 100,000 | 100,000 | 150,000 | 150.0 | 150.0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,700,000 | 3,700,000 | 4,400,000 | 118.9 | 118.9 |
| **Вкупно 9** | **25,800,000** | **23,000,000** | **24,250,000** | **94.0** | **105.4** |
| ***10)Комунални услуги*** | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 30,000 | 20,000 | 30,000 | 100.0 | 150.0 |
| Дератизација, дезинсекција и дезинфекција | 250,000 | 250,000 | 280,000 | 112.0 | 112.0 |
| Трошоци за ѓубретарина | 950,000 | 900,000 | 1,000,000 | 105.3 | 111.1 |
| Трошоци за вода | 3,800,000 | 3,700,000 | 3,800,000 | 100.0 | 102.7 |
| **Вкупно 10** | **5,030,000** | **4,870,000** | **5,110,000** | **101.6** | **104.9** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Планирани трошоци за 2023г. | Остварени трошоци 2023г - (проценка) | Планирани трошоци за 2024г. | Индекс 4/2*100 | Индекс 4/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 |
| ***11)Останати услуги од работењето*** | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и друго | 0 | 0 | 100,000 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 800,000 | 600,000 | 500,000 | 62.5 | 83.3 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 300,000 | 300,000 | 400,000 | 133.3 | 133.3 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 150,000 | 100,000 | 100,000 | 66.7 | 100.0 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци,сервисирање на ПП апарати) | 350,000 | 350,000 | 350,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 11** | **1,600,000** | **1,350,000** | **1,450,000** | **90.6** | **107.4** |
| ***12)Трошоци за амортизација*** | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 60,000,000 | 60,000,000 | 70,000,000 | 116.7 | 116.7 |
| **Вкупно 12** | **60,000,000** | **60,000,000** | **70,000,000** | **116.7** | **116.7** |
| ***13)Вредносно усогласување (обезвреднување на средствата) и траен отпис*** | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања | 200,000 | 200,000 | 200,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 13** | **200,000** | **200,000** | **200,000** | **100.0** | **100.0** |
| ***14)Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 100,000 | 80,000 | 100,000 | 100.0 | 125.0 |
| Трошоци за репрезентација | 800,000 | 700,000 | 600,000 | 75.0 | 85.7 |
| Трошоци за организирање на настани | 1,000,000 | 800,000 | 20,000,000 | 2,000.0 | 2,500.0 |
| **Вкупно 14** | **1,900,000** | **1,580,000** | **20,700,000** | **1,089.5** | **1,310.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,500,000 | 1,300,000 | 2,450,000 | 163.3 | 188.5 |
| **Вкупно 15** | **1,500,000** | **1,300,000** | **2,450,000** | **163.3** | **188.5** |
| ***16)Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | |
| Такси за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 100.0 | 100.0 |
| Банкарски услуги | 550,000 | 500,000 | 500,000 | 90.9 | 100.0 |
| **Вкупно 16** | **560,000** | **510,000** | **510,000** | **91.1** | **100.0** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***17)Останати трошоци од работење*** | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 100,000 | 100,000 | 200,000 | 200.0 | 200.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и друго | 120,000 | 120,000 | 150,000 | 125.0 | 125.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 50,000 | 50,000 | 50,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 17** | **270,000** | **270,000** | **400,000** | **148.1** | **148.1** |
| **ВИДОВИ ТРОШОЦИ** | **Планирани трошоци за 2023г.** | **Остварени трошоци 2023г - (проценка)** | **Планирани трошоци за 2024г.** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ*** | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ | 10,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 18** | **10,000,000** | **10,000,000** | **10,000,000** | **100.0** | **100.0** |
| ***19)Даноци , судски такси и друго*** | | | | | |
| Даноци | 4,400,000 | 4,000,000 | 5,000,000 | 113.6 | 125.0 |
| Судски трошоци и административни такси | 200,000 | 200,000 | 200,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 19** | **4,600,000** | **4,200,000** | **5,200,000** | **113.0** | **123.8** |
| ***20)Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 100,000 | 80,000 | 100,000 | 100.0 | 125.0 |
| **Вкупно 20** | **100,000** | **80,000** | **100,000** | **100.0** | **125.0** |
| ***21) Дополнително утврдени расходи од минати години и останати расходи од работење*** | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години, останати расходи од работење | 2,000,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 21** | **2,000,000** | **2,000,000** | **2,000,000** | **100.0** | **100.0** |
| ***22)Камати од работење и затезни камати*** | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 5,500,000 | 5,500,000 | 5,500,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 22** | **5,500,000** | **5,500,000** | **5,500,000** | **100.0** | **100.0** |
| ***23)Негативни курсни разлики*** | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 4,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 23** | **4,000,000** | **4,000,000** | **4,000,000** | **100.0** | **100.0** |
| ***24) Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра*** | | | | | |
| Трошоци за набавка на стоки и услуги до 1000 евра | 880,000 | 700,000 | 880,000 | 100.0 | 125.7 |
| **Вкупно 24** | **880,000** | **700,000** | **880,000** | 100.0 | 125.7 |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **230,540,000** | **219,690,000** | **230,000,000** | **99.8** | **104.7** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***25)Програмски права*** | | | | | |
| Права за филмови | 65,930,000 | 60,000,000 | 30,000,000 | 45.5 | 50.0 |
| Останати програмски права | 131,400,000 | 120,000,000 | 74,000,000 | 56.3 | 61.7 |
| Трошоци за фестивали, надомест за јуниорски евросонг и сл. | 400,000 | 400,000 | 550,000 | 137.5 | 137.5 |
| Права за спортски настани | 109,000,000 | 105,000,000 | 120,000,000 | 110.1 | 114.3 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Копродукциски проекти | 209,500,000 | 200,000,000 | 275,000,000 | 131.3 | 137.5 |
| **Вкупно 25 - Програмски права** | **517,230,000** | **486,400,000** | **500,550,000** | **96.8** | **102.9** |
| **ВИДОВИ ТРОШОЦИ** | **Планирани трошоци за 2023г.** | **Остварени трошоци 2023г - (проценка)** | **Планирани трошоци за 2024г.** | **Индекс 4/2*100** | **Индекс 4/3*100** |
| **1** | **2** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| **Останати трошоци од работење** | | | | | |
| ***26)Наемнини*** | | | | | |
| Останати наемнини (наем на опрема и недвижнини) | 18,500,000 | 15,000,000 | 15,300,000 | 82.7 | 102.0 |
| **Вкупно 26** | **18,500,000** | **15,000,000** | **15,300,000** | **82.7** | **102.0** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 400,000 | 300,000 | 400,000 | 100.0 | 133.3 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Услуги за вештачење | 100,000 | 100,000 | 100,000 | 100.0 | 100.0 |
| Технички услуги | 600,000 | 500,000 | 1,000,000 | 166.7 | 200.0 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти, елаборати и сл.) | 300,000 | 0 | 300,000 | 100.0 | 0.0 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 0 | 0 | 50,000 | 0.0 | 0.0 |
| Авторски договори, договори преку авторска агенција | 32,000,000 | 30,000,000 | 25,000,000 | 78.1 | 83.3 |
| Трошоци за Евровизија и Јуниорски евросонг | 1,500,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 100.0 | 100.0 |
| Трошоци за судски извршители | 200,000 | 150,000 | 200,000 | 100.0 | 133.3 |
| Надомест за обезбедување простор за сателитски сегмент | 2,150,000 | 2,130,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 27** | **38,250,000** | **35,680,000** | **29,550,000** | **77.3** | **82.8** |
| ***28)Членарини, котизации,такси, ЗАМП, останати услуги*** | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 16,000,000 | 16,000,000 | 16,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Котизации и акредитации | 110,000 | 100,000 | 300,000 | 272.7 | 300.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 17,800,000 | 17,500,000 | 18,500,000 | 103.9 | 105.7 |
| Надомст за Агенција за филм согласно закон за филмска дејност | 5,800,000 | 5,600,000 | 6,000,000 | 103.4 | 107.1 |
| **Вкупно 28** | **39,710,000** | **39,200,000** | **40,800,000** | **102.7** | **104.1** |
| ***29)Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 120,000 | 80,000 | 100,000 | 83.3 | 125.0 |
| **Вкупно 29** | **120,000** | **80,000** | **100,000** | **83.3** | **125.0** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **96,580,000** | **89,960,000** | **85,750,000** | **88.8** | **95.3** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ** | **1,383,350,000** | **1,333,550,000** | **1,414,000,000** | **102.2** | **106.0** |
| **ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | |
| Дигитализација на РА програмите | 0 | 0 | 60,000,000 | 0.0 | 0.0 |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 104,150,000 | 100,000,000 | 107,500,000 | 103.2 | 107.5 |
| **Б.ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **104,150,000** | **100,000,000** | **167,500,000** | **160.8** | **167.5** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ (А+Б)** | **1,487,500,000** | **1,433,550,000** | **1,581,500,000** | **106.3** | **110.3** |

Скопје, Октомври 2023 година

Директор на ЈРП МРТ

------------------------------------

Марјан Цветковски